**ДОНЕВА, Наташа**[1]

# Сајбер криминалот низ призмата на целите за одржлив развој на ООН: Преточување на член 16.3 во националналното право

Апстракт:

Мистеријата наречена сајбер криминал е особено интересна за следење со оглед на фактот дека е динамична, постојано се модифицира, се менуваат појавните облици, се менува modus operandi, се продира во сфери и области кои се од круцијално значење за опстанокот на самите држави. Се злоупотребува информатичкиот изум за започнување на нови бескрупулозни војни, за ширење ксенофобични пораки, за крадење парични средстава, за крадење на берзанските тајни, за инсајдерски информации и сл. Речиси и да нема крај на енормната листа на полиња на продор, проблеми кои не се започнати токму со овој вид модерен криминал. Потребата од негово сузбивање и те како е алармантна и бара меѓународна соработка и помош, за резултати кои иако нема да бидат утопистички, барем ќе се задоволителни. Интенцијата на овој труд е да се укаже на потребата од посеопфатна меѓународна соработка, како и на воведување на т.н Дигитална женевска конвенција . Што значи тоа и зошто токму тој назив? Дигиталната женевска конвенција би била дигитална копија на познатите Женевски конвенции кои се синоним за воено-хуманитаното право во светот. Тука е и потенцијалната солуција за евентуално формирање на меѓународен трибунал наменет само за сајбер криминалот кој ќе се темели на правични начела и принципи, а воедно ќе обезбеди механизми за заштита на човековите слободи и права. Овие тези етаблирани сега, доколку се реализираат, ќе бидат можеби историски чекор направен за детектирање, превенирање, санирање и анулирање на далекосежните последици од сајбер криминалот/тероризмот.

Точка 16 од целите за одржлив развој на ООН, меѓу другото предвидува: Да се промовира владеење на правото на национално и на меѓународно ниво, и да се обезбеди еднаков пристап до правда за сите. Тоа значи инклузивно носење одлуки на сите нивоа, развивање на ефикасни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа, се со цел да се обезбеди владеење на правото и етаблирање на правна држава. Еден од чекорите да се постигне тоа е и борбата со транснационалниот криминал, а голем предизвик во таа насока е и претходно елаборираниот сајбер криминал.

[1] Донева, Асистент на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип; natasa.doneva@ugd.edu.mk